Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/53

З А П И С Н И К

од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,

одржана на 15 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 мај 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:35 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за

странски инвестиции и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Педесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 15 мај 2020 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Педесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 15 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Педесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 15 мај 2020 година.

2. Да се достави Предлог до Претседателот на Република Северна Македонија со образложение за утврдување постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија за период од 30 дена, со извештај за досега преземените активности од државните институции, со кој се аргументира дека за успешно справување со Коронавирусот COVID-19 во државата потребна е вонредна состојба, согласно член 125 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија.

3. Сите избрани и именувани лица пред да организираат и реализираат службени патувања во странски држави, согласно член 1, став 1, точка 10, став 3 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.125/2020), да може да го реализираат службеното патување, по претходно добиено одобрение од Главниот координативен кризен штаб за

обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

**1.** По повод укажувањето на д-р Нина Ангеловска, министер за финансии дека Уставниот суд на Република Северна Македонија на 14 мај 2020 година, ја поништил Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/2020 и 112/2020) и го ставил вон сила Решението за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на Уредбата чија уставност и законитост ја оценува, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за финансии во Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, да направи дополнителна измена во раздел 31010-Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, во насока реалоцираните средства од потпрограма 21- Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, предложени од Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, да се вратат во истата потпрограма 21.

Согласно ова, Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2) Со оглед дека е поништена Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/2020 и 112/2020), се задолжува Министерството за правда да одржи состанок со претставници од Секретаријатот за законодавство, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,

Управата за јавни приходи и Министерството за финансии-Сектор за трезор и Сектор за буџети и фондови со цел да се утврдат следните чекори, кои треба да се преземат од дејствата од поништувањето на Уредбата, односно да се вратат веќе исплатените средства.

**2.** Владата по повод укажувањето на министерот за животна средина и просторно планирање дека во Тетово од страна на здравствените установи се доцни со резултатите од тестовите за Covid-19 што е особено важно за лица кои се во покритична фаза, за потребата од поддршка на државата со оглед дека Тетово има еден епидемиолог, како и недостатокот на заштитни маски (побарани од Министерството за здравство), заклучи Министерството за здравство итно да одговори на прашањата и да преземе соодветни активности во рамките на своите надлежности.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска